Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 04.03.2022

На 03.03.2022 во 12.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.Б.(27) од Крива Паланка. Тој бил осуден на затворска казна од седум години за сторено кривично дело „разбојништво" по член 237 став 1 од Кривичниот законик и бил баран со потерница од Основен суд Куманово за доиздржување на казната затвор во траење од четири години и три месеци. Р.Б. бил спроведен во Казнено - поправна установа Затвор „Идризово" за доиздржување на казната.

На 03.03.2022 во ОВР Прилеп, од Казнено – поправната установа - Затвор Прилеп било пријавено дека при претрес на пратка намонета за осуденикот В.И. била пронајдена марихуана. Полициски службеници од ОВР Прилеп извршиле увид и ја подигнале дрогата за натамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2022, полициски службеници од ОВР Ресен го лишиле од слобода Ф.Р.(37) од Ресен за тоа што кај него била пронајден кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2022 околу 22.30 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ф.М.(18) од Горно Палчиште и Ш.Х.(21) од Селце-Кек затоа што при нивен и преглед на возилото „ауди" со тетовски регистарски ознаки, што ја управувал Ш.Х., била пронајдена марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 03.03.2022, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола го лишиле од слобода Е.А.(34) од Битола затоа што при преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2022 во 00.10 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје приведе малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.03.2022 во 00.10 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.С.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.03.2022 околу 22.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја лишиле од слобода 45-годишната гостиварка В.Ј. поради сомнение дека извршила кражба во маркет во Гостивар. По документирање на случајот против приведената ќе следува поднесок.

На 03.03.2022 во 21.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода М.З.(23) од Куманово. Таа се сомничи дека околу 20.30 часот влегла во куќа на улица „21" во Куманово и одзела пари. Таа била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе следува соодветна пријава.

На 03.03.2022 во 23.10 часот помеѓу селата Романовце и Брзак, кумановско, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода З.С.(55) од село Мршевци, скопско и Д.П.(45) од село Мралино, скопско, затоа што вршеле незаконит лов. При преглед кај нив биле пронајдени и одземени улов и ловечка пушка „Заставa" со патрони. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2022 во 17.20 часот на автопатот Неготино-Демир Капија, кај наплатна рампа Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Михајлово ги лишиле од слобода Г.Ц.(41) од Скопје. При преглед на патничко моторно возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Ц., биле пронајдени двајца илегални мигранти од Куба. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од Полициската станица Неготино и полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.03.2022 во 14.00 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од ЕВР Аеродром и Драчево го лишиле од слобода Н.Д.(20) од Скопје. Тој бил затекнат при обид да извреши кражба во црква во изградба. Кај него биле пронајдени и одземени предмети повзрани со криминално дело. Тој бил приведен во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 236 во врска со член 19 од Кривичниот законик.

На 03.03.2022 во 07.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен Аеродром Скопје", при контрола и проверка било констатирано дека Б.М.(53) од Битола евидирал со мерка апси" од СВР Битола. Тој бил лишен од слобода, а подоцна и спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Битола.

На 03.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 56 прекршоци, од кои 17 на подрачјето на Кочани, 13 на Свети Николе, 12 Штип, , 5 Пробиштип, 4 Берово, 3 Винница и 2 Делчево. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 30 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 3 за нерегистрирано возило, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 1 за прекршоци сторени од пешаци и 6 за непропишано паркирање.

Вчера (03.03.2022), на подрачјето на СВР Куманово полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 28 возачи, од кои 23 на подрачјето на Куманово и 5 во Кратово. Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 03.03.2022 во периодот од 20 до 23.00 часот на подрачјето на Кичево извршени се засилени сообраќајни контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 2 возачи кои управуваше моторно возило под дејство на алкохол, 2 возачи кои управуваше возило со изминат рок на сообраќајната дозвола и 12 лица кои управуваше моторно возило без возачка дозвола.

На 03.03.2022 во 16.14 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-с.Липково, кај с.Опае, патничко моторно возило „сеат леон" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.К.(26) од с.Оризари, општина Липково, удрило во малолетен пешак од с.Черкези, кумановско. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница во Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 03.03.2022 околу 11.30 часот на улица „146" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 43-годишниот тетовец И.Х. за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 03.03.2022 околу 19.40 часот на улица „Горче Петров" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 33-годишниот тетовец Р.С. за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово, каде бил и спроведен.

Секторот за внатрешни работи Скопје расчисти лажно пријавување на кривично дело. Имено, на 19.10.2021 А.Д. пријавил дека на бул.„Јане Сандански" три лица физички го нападнале и му одзеле пари кои ги подигнал од спортска обложувалница. По преземени мерки било утврдено дека на наведениот датум не се случило такво дело, односно дека тој лажно пријавил разбојништво извршено над него. Со него бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 366 од Кривичниот законик.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против А.Б.(37) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 21.02.2022, полициски службеници од Полициската станица/единица Капија извршиле контрола и не го затекнале пријавеното во согласност дом и покрај тоа што имал решение за задолжителна изолација, со што постапил спротивно на препораките и одлуките донесени од Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширење и сузбивање на коронавирусот КОВИД-19.

На 04.03.2022 во 07.20 часот во ОВР Штип било пријавено дека на ул.„9-та бригада" настанал пожар во куќа во која како потстанар живеел В.П.(67) од Штип. Притоа, во куќата бил пронајден починат В.П., а смрт констатирала екипа од Итна медицинска помош. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено на семејството. Пожарот бил изгаснат од Екипа на Територијалната противпожарна единица Штип. Увид извршила екипа од СВР Штип.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.Ј.(28) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен на 29.10.2021 на улица „Рудничка" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 03.03.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.И.(60) од с.Волково, скопско, пријавил дека од дома се одалечила неговата мајка Р.И.(83). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.03.2022 во 02.40 часот во Полициската станица Карпош, Е.Ф.(28) од Скопје пријавил дека на 03.03.2022 околу 23.00 часот на автобуска постојка во населба Нерези бил физички нападнат од Д.Ш.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.Д.(21) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 08.01.2022, по извршени проверки, било утврдено дека пријавениот го напуштил домот и не ја почитувал мерката изолација со што постапил спротивно на препораките и одлуките донесени од Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширење и сузбивање на коронавирусот КОВИД-19.

На 04.03.2022 во 04.30 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.А.(28) од село Василево, струмичко. Тој се сомничи дека во 00.40 часот во струмичко село доправал по телото малолетничка. По целосно документирање и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2022 околу 01.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека во дворно место од куќа во с.Волково, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.М.(21)-женско лице, Г.Н.(28) и Е.С.(30), сите од Скопје. Сочинет е записник за констатитиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 03.03.2022 во Полициското одделение Петровец, Н.П.(46) од с.Марино, скопско, пријавил дека околу 17.15 часот во с.Марино, по претходно недоразбирање со Д.В., Т.М. и Д.Б., бил физички нападнат од Д.В.. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.
На 04.03.2022 во 08.08 часот во СВР Скопје било пријавено дека од засега непознат сторител во текот на ноќта било пукано кон станот на А.Р.(30) во населба Аеродром во Скопје, при што бил оштетен прозорецот и ѕид, а повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.И (35) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 07.11.2021, полициски службеници од СВР Свети Николе извршиле претрес во домот на пријавениот при што пронашле и одзеле марихуана, семки од канабис, метална дробилка и предмети со остатоци од марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.О.(39) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 15.07.2021, поради нерасчистени должнички односи и по претходна расправија, пријавениот физички го нападнал Е.И. и се обидел да го нападне со остар предмет.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Н.Б.(45) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа, и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавената, на 21.03.2021 на Граничниот премин „Деве Баир" употребила фалсификуван ПЦР тест.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против А.Б.(44) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 21.03.2021 на Граничниот премин „Деве Баир" пријавената употребила фалсификуван ПЦР тест.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поша: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет